ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Јавна општинска установа Дом за стари лица Киро Крстески Платник – Прилеп.

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на буџет од самофинансирачки активности (787) за 2021 година.

**Цел на ревизијата:** Дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со релевантната законска регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**
- не се донесени пишани процедури за уредување на работните процеси во делот на материјалното и финансиското работење;
- отсуствуваат нормативи и калкулации на трошоци на потребните прехранбени производи, дел од листите на јадења не се одобрени и не е обезбедено целосно исполнување на пропишаните нормативи за хранливата вредност на исхраната за старите лица.

**Издадено мислење/заклучок*:**

Мислење без резерва во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива.

**Клучни препораки:**
- доуредување и усогласување на интерните акти и воспоставување контроли во делот на материјалното и финансиското работење, како и имплементација на истите;
- креирање на нормативи и изготвување калкулации на трошоци и континуирано изготвување на листите на јадења.

**Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет:**
- во 2022 година, по 17 години, Домот прв пат извршил зголемување на цените на сместување и нивно прилагодување на порастот на трошоците за работење, кои во меѓувреме се значајно зголемени;
- услугата за подготовка на храна за проектот "Народна кујна" Домот ја врши со истата цена утврдена на почетокот на проектот во 2007 година и со истиот персонал во кујната кој не е доволен ниту за редовните корисници;
- во првите три кваратали во 2021 година е набавена неколкукратно поголема количина на лекови и пелени во однос на истиот период во тековната 2022 година.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 22 – 124/9 од 05.12.2022 година.

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk